## Влада на Република Северна Македонија

### Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество

| | |
|---|---|
| Дата: | 30.04.2026 |
| Архивски број: | 34 – 13/4 |
| До: | **Министерство за правда** |
| Предмет: | Предлог за изменување на член 12 став 7 алинеи 2 и 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси |

Почитувани,

Согласно член 12 став 7 алинеи 2 и 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на РСМ" бр.12/19), во составот на Комисијата за селекција на кандидати за претседател и за членови на Државната комисија за спречување на корупцијата се и:

- претставникот на здружението, односно фондацијата назначен за член во Советот за соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор за областа Демократија и владеење на правото, и
- претставникот на здружението, односно фондацијата назначен за член во Советот за соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор за областа Медиуми и информатичко општество.

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество го поддржува предлогот на Министерството за правда содржан во Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за спечување на корупцијата и судирот на интереси (текст објавен на ЕНЕР на 17.02.2025 година) за усогласување на член 12 став 7 алинеја 2 од Законот со Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество од декември 2024 година („Службен весник на РСМ" бр.268/24) и замена на областа „Демократија и владеење на правото" со „Владеење на правото и борба против корупцијата".

Сепак, имајќи го предвид досегашното искуство од учеството на членовите на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество во работата на Комисијата за селекција на кандидати за претседател и за членови на Државната комисија за спречување на корупцијата, Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, на 11.седница одржана на 29.04.2026 година, заклучи да му препорача на Министерството за правда, во членот 12 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, алинеите 2 и 3 да се изменат и да гласат:

- претставникот на здружението, односно фондацијата назначен за член или заменик член во Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество за областа владеење на правото и борба против корупцијата, и

- претставникот на здружението, односно фондацијата назначен за член или заменик член во Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество за областа медиуми и информатичко општество.

Со предложената измена се овозможува во Комисијата за селекција на кандидати за претседател и за членови на Државната комисија за спречување на корупцијата да учествуваат членот или заменикот член на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество од соодветната област, а граѓанските организации да бидат застапени со два члена во оваа Комисија.

Со почит,

Претседателка на Советот за соработка
меѓу Владата и граѓанското општество
Никица Кусиникова